# Во Тетово одземени над 3000 пиротехнички средства, приведен тетовец

Хроника | 18/12/2023 | 17:19



Полициски службеници на СВР Тетово денеска (18 декември) околу 15 часот, на градскиот плоштад во Тетово, го лишиле од слобода 54-годишниот тетовец Ф.А. затоа што кај него биле пронајдени и одземени над 3000 парчиња разновидни пиротехнички средства. Тој е задржан во Полициската станица Тетово за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе биде изготвен соодветен поднесок по член 396 од Кривичниот законик.

Секторот за внатрешни работи Тетово ги потсетува граѓаните дека набавувањето, продавањето и активирањето пиротехнички средства е спротивно на Законот за прекршоци против јавниот ред и мир и Кривичниот законик. Секторот за внатрешни работи Тетово ги засили контролните и други активности поврзани со навремено откривање и спречување продажба и употреба на петарди и други пиротехнички средства, а кои наредните денови уште повеќе ќе се интензивираат. Во таа насока, на трговците, родителите и учениците ( основци и средношколци ) повторно им се укажува дека продавањето, односно купувањето и активирањето на петарди на јавни места, на улица, во дворови, влезови на станбени згради и слично, претставува законски прекршок, за кој согласно член 31 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир е предвидена парична глоба од 100 до 250 евра во денарска противвредност.Нивното набавување и дистрибуирање на пазарот во поголеми количини е казниво согласно Кривичниот законик.

одземени, пиротехнички, средства, тетово

## НАЈЧИТАНИ ВЕСТИ

1. (ВИДЕО)СДСМ: Повеќе за сите, нова мерка за зголемување на платите од 3,000 до 6,000 денари во приватен сектор
2. Насекаде минусни температури, над нулата само во Дојран
3. Кејн постави нов рекорд во Бундеслигата
4. Бочварски: Браната на река Отиња во Штип се гради со силна динамика
5. Ангеловска-Бежоска: Со платежната сметка за основни функции за минимален надоместок се добива поголем пакет платежни услуги












## НАЈНОВИ ВЕСТИ

- Почна протестот Србија против насилството, бараат поништување на изборите во Белград
- Овие 3 знаци никогаш не се задоволуваат со подароците што ги добиваат
- Како да избегнете ширење на мирис на пржена риба
- Товарни возила во колони чекаат за влез во земјава на преминот Ѓуешево -Деве Баир
- Нов масовен протест на грчките полицајци во Атина

## НАЈНОВО ОД ХРОНИКА

- Приведен штипјанец по централна потерница за издржување казна затвор од три и пол години
- Претрес во Богомила, пронајдени пушки и патрони
- Претрес во скопски Чаир, пронајдена дрога, приведени две лица
- Приведен возач на „мерцедес“ отако удрил во возило на МВР
- Пронајдено 15-годишно девојче од Велес по кое се трагало



„Бриф“ е интернет-медиум кој ве информира за настаните во Македонија и во светот навремено и проверено, преку текстови, фотографии, видео и аудио снимки.

© 2023 | БАБИНСКИ ДООЕЛ Скопје | Сите права се задржани.